Република Северна Македонија
Државен архив на
Република Северна Македонија
Бр. 0402-880/1
01.03.2022 год.
Скопје

**ДРЖАВЕН АРХИВ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Бр.________________**
**___________ 2022 год.**
**СКОПЈЕ**

До
Раководители на сектори и одделенија
во Државниот архив

**Предмет:** достава на Протокол за постапување при спреченост за доаѓање на работа и отсуство на вработените во Државниот архив и неговите подрачни одделенија и начинот на евиденција на отсуствата со прилог 1

Ги известуваме Раководителите (се мисли и за ВД раководителите) на сектори и одделенија по доставата на Протокол за постапување при спреченост за доаѓање на работа и отсуство на вработените во Државниот архив и неговите подрачни одделенија и начинот на евиденција на отсуствата заедно со прилог 1 (список за отсуство), дека се должни да ги запознаат вработените во своите организациски единици (се мисли на административни службеници како и на вработените на определено време заедно со техничкиот персонал) со содржината на Протоколот и нивните обврски и почнувајќи од денот на приемот на оваа достава сите вработени да постапуваат согласно овој Протокол со кој се регулира постапувањето при спреченост за доаѓање на работа или во случај на отсуство од работа и начинот на евидентирање на отсуствата.

Пополнетата табела од Прилог 1 (писмено или електронски) заедно со пропратната документација треба да ја доставите најдоцна до 24-ти во тековниот месец до Одделението за управување со човечки ресурси. Напоменуваме дека точното, редовното водење на евиденцијата во Списокот на отсуства и редовното известување за отсуствата е неопходно заради навремено и точно внесување на податоци во новиот ИСУЧР систем (информациски ситем за управување со човечки ресурси) и навремено процесирање на податоците потребни за изработка на платата. Заради тоа доставениот список се смета за конечен и не подлежи на корекции.

01.03.2022 год.

Одделение за управување со човечки ресурси